Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë
Studençica
Бр./Nr. 01-1134/1
28-07 20 23 год./vit.
Кичево - Kërçovë

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR FURNIZIM ME UJË
СТУДЕНЧИЦА
STUDENÇICA
Булевар Ослободување 60А/І-1, П.Фах 23, 6250 Кичево
Bulevardi i Çlirimit 60A / 1-1 P.fax 23, 6250 Kërçovë
Тел/Tel: 045/220-121
www.studencica.com.mk e-mail: jpstudencica@yahoo.com

# *ИЗВЕШТАЈ*
## *за финансиското работење на ЈП за водоснабдување Студенчица-Кичево за ВТОРИОТ КВАРТАЛ (01.04- 30.06.2023 година)*

Врз основа на параметрите за планираните приходи и расходи дефинирани и предвидени во Финансискиот план за 2023 година, како и нивното остварување за периодот од 01.04.2023 година заклучно со 30.06.2023 година (втор квартален период 2023 година) добиени се следните состојби:

## ПРИХОДИ

Во Програмата за работа и финансискиот план за 2023 година се предвидени и се очекува да бидат остварени четири вида на приходи и тоа:

1.Приходи од продажба на вода,
2.Приходи од продажба на електрична енергија, произведена од МХЕ Добреноец,
3.Приходи по основ на камати од депозити,
4.Приходи од поранешни години (наплатени побарувања по спогодби со ЈКП).

Во вториот квартал од деловната 2023 година се реализирани следните приходи:

- Приходи од продажба на вода во износ од 14.301.532,00 денари кои во однос на вкупно планираните за вториот квартал (15.487.732,00) се реализирани со 92,34%.
- Приходи од продажба на електрична енергија произведена од МХЕ Добреноец во износ од 4.585.263,00 денари и истите во однос на вкупно планираните за соодветниот период (3.321.886,00) се реализирани со 138,03%.
- Приходи по основ на камати од орочени средства на краток рок се реализирани во износ од 435.798,00 денари, кои во однос на вкупно планираните за вториот квартал (523.563,00) се реализирани со 83,24%.
- Приходи од поранешни години (наплатени отпишани побарувања) се реализирани во износ од 33.017.819,00 денари и истите во однос на планираните за содветниот период (764.568,00) се реализирани со 4318,49%.

Во овој период во ЈП вкупно реализираните приходи по основ на испорака на вода кон ЈКП Корисници во однос на планираните се реализирани со **98,39%**, додека пак приходите реализирани од продажба на вода кон **РЕК Осломеј - Кичево** се реализирани со 82,33% во однос на планираните за овој период, каде што Рек Осломеј е во погон поголем дел од овој период.

Во однос на вкупно планираните приходи по основ на испорака на вода кон ЈКП Корисниците и Рек Осломеј, во овој квартален период ЈП реализира 92,34%.

Во овој втор квартален период, покрај приходите од испорака на вода, во значителен износ се реализирани приходи од продажба на електрична енергија од МХЕ Добреноец, во вкупен износ од 4.585.263,00 денари, кои се реализирани со 138,03% од планираните.

Во овој втор квартален период повторно се реализирани приходи од минати години - по основ наплата на отпишани побарувања од склучени Спогодби со ЈКП Корисниците, со кои се регулира начинот, условите како и роковите за наплата на старите и тековни побарувања. Тие во однос на планираните се исполнети со **4318,49%** и ова зголемување се должи на раскинување на Спогодбите со ЈКП Корисниците. Имено, врз основа на Одлука бр. бр.02-901/1-1 од 12.06.2023 година, донесена од Управниот Одбор на ЈП Студенчица, раскинати се Спогодбите со ЈКП Корисниците и истите се задолжени со задолженија за дисконтите на тековните фактури и рати по спогодби за долг од минати години. Исто така, согласно Одлуката за раскинување на спогодбите, правосилните и извршни пресуди против ЈКП Корисниците се дадени на ивршител за спроведување, согласно закон.

Приходи остварени по основ на камати од депонирани средства во банки на краток рок се остварени во износ од 435.798,00 денари и истите во однос на планираните се реализирани со 83,24%.

**Вкупно реализираниот приход** во вториот квартал од 2023 година изнесува **52.461.822,00** денари и во однос на вкупно планираниот (20.097.749,00) е реализиран со 261,03% .

***RAPORTI***
***i punës financiare të NP të furnizimit me ujë Studençica-Kërçovë për TREMUJORIN E DYTË (01.04-30.06.2023)***

Në bazë të parametrave për të hyrat dhe shpenzimet e planifikuara të përcaktuara dhe të parashikuara në Planin Financiar për vitin 2023 si dhe realizimin e tyre për periudhën nga 01.04.2023 deri më 30.06.2023 (periudha e dytë tremujore 2023), janë arritur këto gjendje:

## TË ARDHURAT

Në Programin e Punës dhe planin financiar për vitin 2023 parashikohen dhe priten të realizohen katër lloje të të ardhurave dhe atë:

1. Të ardhura nga shitja e ujit,
2. Të ardhurat nga shitja e energjisë elektrike të prodhuar nga HEV Dobrenoec,
3. Të ardhurat në bazë të interesit nga depozitat,
4. Të ardhura nga vitet e mëparshme (kërkesat e inkasuara sipas marrëveshjeve me NPK).

Në tremujorin e dytë të vitit afarist 2023 janë realizuar këto të ardhura:

- Të ardhurat nga shitja e ujit në vlerë prej 14.301.532,00 denarë, të cilat në raport me totalin e planifikuar për tremujorin e dytë (15.487.732,00) janë realizuar me 92,34%.
- Të ardhurat nga shitja e energjisë elektrike të prodhuar nga HEV Dobrenoec në vlerë prej 4.585.263,00 denarë dhe po aq në raport me totalin e planifikuar për periudhën përkatëse (3.321.886,00) janë realizuar me 138,03%.
- Të ardhurat në bazë të interesit nga mjetet afatshkurtëra janë realizuar në vlerë prej 435,798,00 denarë, e cila krahasuar me totalin e planifikuar për tremujorin e dytë (523,563,00) është realizuar me 83,24%.
- Të ardhurat nga vitet paraprake (kërkesat e grumbulluara të fshira) janë realizuar në vlerë prej 33.017.819,00 denarësh dhe po aq në raport me ato të planifikuara për periudhën përkatëse (764.568,00) janë realizuar me 4318,49%.

Në këtë periudhë gjithsej të hyrat e realizuara në NP në bazë të dërgesës së ujit për shfrytëzuesit e NPK në raport me të planifikuarit janë realizuar me 98,39%, ndërsa të hyrat e realizuara nga shitja e ujit për REK Oslome - Kërçovë janë realizuar me 82,33. % në krahasim me ato të planifikuara për këtë periudhë, ku REK Oslome është në funksion në pjesën më të madhe të kësaj periudhe.

Në raport me totalin e të hyrave të planifikuara nga dorëzimi i ujit për përdoruesit e NPK dhe Rek Oslome, në këtë periudhë tremujore NP realizon 92.34%.

Në këtë tremujor të dytë, përveç të hyrave nga dërgimi me ujë, një shumë e konsiderueshme e të hyrave është realizuar edhe nga shitja e energjisë elektrike nga HEV Dobrenoec, në vlerë të përgjithshme prej 4.585.263,00 denarë, e cila është realizuar me 138,03% nga shuma e planifikuar.

Në këtë periudhë të dytë tremujore janë realizuar sërish të ardhurat nga vitet e kaluara - në bazë të inkasimit të kërkesave të fshira nga Marrëveshjet e lidhura me përdoruesit e NPK, të cilat rregullojnë mënyrën, kushtet dhe afatet e inkasimit të kërkesave të vjetra dhe aktuale. Krahasuar me të planifikuarat janë përmbushur me 4318.49% dhe kjo rritje vjen si pasojë e ndërprerjes së Marrëveshjeve me Përdoruesit e NPK. Konkretisht, bazuar në Vendimin nr.02-901/1-1 datë 12.06.2023, miratuar nga Bordi Drejtues i NP Studençica, ndërpriten Marrëveshjet me shfrytëzuesit e NPK dhe obligohen me detyrime për zbritje në faturat dhe këstet aktuale sipas marrëveshjeve të borxhit të viteve të kaluara. . Gjithashtu, sipas Vendimit për Shkëputje të Marrëveshjeve, aktgjykimet e formës së prerë dhe të detyrueshme ndaj përdoruesve të NPK janë dhënë në ekzekutues për zbatim, në harmoni me ligjin.

Të ardhurat e realizuara në bazë të interesit nga mjetet e depozituara në banka në afat të shkurtër janë realizuar në vlerë prej 435.798,00 denarësh dhe të njëjtat në raport me të planifikuarat janë realizuar me 83,24%.

Totali i **të ardhurave të realizuara** në tremujorin e dytë të vitit 2023 është **52.461.822,00** denarë dhe në krahasim me totalin e planifikuar (20.097.749,00) është realizuar me 261,03%.

## ТРОШОЦИ

**Реализираните поединечни трошоци** за наведениот втор квартален период за 2023 година е претставен во вид на табеларен преглед кој е составен дел на овој извештај.

Анализата на нивната реализација по структура и споредба со различни периоди како и во однос на планираното не покажува значителни отстапувања кај расходните позиции во однос на планираната идеалната четвртина.

Реализирани трошоци по поединечни ставки во наведениот квартал кои се под реализација од 100% се следните: Потрошени суровини и материјали со 3,15%, Трошоци за материјали(админ.управа и прод.) со 26,80%, Потрошена енергија со

35,41%, Потрошена енергија за МХЕ Добреноец со 12,07%, Потрошени резервни делови со 38,26 %, Отпис на ситен инвентар со 50,20%, Поштенски, телефонски услуги и интернет со 46,81%, Услуги за одржување и заштита со 4,47%, Нем-Лизинг со 94,69%, Комунални услуги со 35,11%, Вкалкулирани плати со 98,68%, Останати услуги со 24,44%, Амортизација по минимални стапки со 86,04%, Трошоци за надомест и други примања на УО и НО со 81,81% ,Премии за осигурување со 40,76%, Преми за осигурување на МХЕ Добреноец објекти и опрема со 41,14%, Банкарски услуги и трошоци на платниот промет со 90,86%, Даноци кои не зависат од резултатот, Членарини и др.трошоци со 42,60%, Трошоци за надоместок за користење на вода со 40,09% и Надоместок од 0,049% МХЕ од приходот кон РКЕ со 30,00%.

Отстапувањата во однос на идеално планираната граница за реализација на одредени трошоци и нивно зголемување е регистрирано на следните расходни позиции по ставки како што се: Трошоци за репрезентација со 271,41%, Надомест за трошоци на вработените подароци и помош со 2603,36% и Останати трошоци од работењето со 990,54%. Овие отстапувања се последица на еднократни издатоци кои настануваат во овој период, а се планираат на годишно ниво.

Devijimet në lidhje me kufirin e planifikuar në mënyrë ideale për realizimin e shpenzimeve të caktuara dhe rritja e tyre regjistrohen në pozicionet e mëposhtme të shpenzimeve sipas zërave si: Shpenzimet për përfaqësim me 271,41%, Kompensimi për shpenzimet e punonjësve, dhuratat dhe asistenca me 2603,36%. dhe Shpenzime të tjera të punës me 990.54%. Këto devijime janë rezultat i shpenzimeve të njëhershme që ndodhin gjatë kësaj periudhe dhe janë planifikuar në baza vjetore.

**За наведениот втор квартал од деловната 2023 година, вкупно реализираните трошоци изнесуваат 18.985.902,00 денари, а во однос на планираните (19.582.932,25) истите се реализирани со 96,95%.**

## SHPENZIMET

Shpenzimet e realizuara individuale në periudhën e specifikuar të tremujorit të dytë për vitin 2023 janë paraqitur në formën e një pasqyre tabelare e cila është pjesë përbërëse e këtij raporti.

Nga analiza e realizimit të tyre sipas strukturës dhe krahasimi me periudha të ndryshme si dhe në raport me atë të planifikuar nuk vërehen devijime të theksuara në pozicionet e shpenzimeve në raport me tremujorin ideal të planifikuar.

Shpenzimet e realizuara për paragrafët individualë në tremujorin e specifikuar që janë në realizim 100% janë si më poshtë: Lëndët e para dhe materialet e harxhuara me 3,15%, shpenzimet për materialet (administrimi dhe prodhimi) me 26,80%, energjia e harxhuar me 35,41%, energjia e harxhuar për HEV Dobrenoec me 12.07%, Pjesë rezervë të harxhuara me 38.26%, Fshirja e inventarit të vogël me 50.20%, Shërbimet postare, telefonike dhe interneti me 46.81%, shërbimet e mirëmbajtjes dhe mbrojtjes me 4.47%, mosdhënie me qira me 94.69%. Shërbimet komunale me 35.11%, pagat e llogaritura me 98.68%, shërbimet e tjera me 24.44%, amortizimi me norma minimale me 86.04%, shpenzimet për kompensim dhe të ardhura të tjera të Bordit të Administrimit dhe Bordit të Administrimit me 81.81%, Primet e sigurimit me 40.76%. , Primet e sigurimit për objektet dhe pajisjet e MHE Dobrenoec me 41,14%, Shërbimet bankare dhe kostot e transaksionit të pagesës me 90,86%, Taksat që nuk varen nga rezultati, Kuotat e anëtarësimit dhe shpenzimet e tjera me 42,60%, shpenzimet për kompensimin e përdorimit të ujit me 40,09 % dhe Kompensim 0,049% HEV nga të ardhurat në RKE me 30,00%.

Devijimet në lidhje me kufirin e planifikuar në mënyrë ideale për realizimin e shpenzimeve të caktuara dhe rritja e tyre regjistrohet në pozicionet e mëposhtme të shpenzimeve sipas zërave si: Shpenzimet për përfaqësim me 271,41%, Kompensimi për shpenzimet e punonjësve, dhuratat dhe asistenca me 2603,36%. dhe Shpenzime të tjera të punës me 990.54%. Këto devijime janë rezultat i shpenzimeve të njëhershme që ndodhin gjatë kësaj periudhe dhe janë planifikuar në baza vjetore.

**Për tremujorin e dytë të vitit afarist 2023, totali i shpenzimeve të realizuara arrijn në 18.985.902,00 denarë, ndërsa në raport me të planifikuarat (19.582.932,25) të njëjtat janë realizuar me 96,95%.**

## ДОБИВКА - ЗАГУБА

Со разликата помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи за наведениот квартален период за 2023 година, ЈП во своето работење оствари позитивен финансиски резултат од 33.475.920,00 денари.

Вкупните побарувања заклучно со крајот на наведениот период за 2023 година, изнесуваат 162.868.983,50 денари, тоа се побарувања од купувачи по основ продажба на вода и изнесуваат 162.868.985,50 денари и се зголемени за 42,39% во однос на истиот период 2022 година.

Вкупните неизмирени обврски заклучно со крајот на наведенот период изнесуваат 1.564.251,00 денари и тоа: Обврски по основ на персонален данок со 19.107,00 денари,, Обврски за данок на додадена вредност со 1.422.828,00 денари и Обврски за надоместок за УО и НО со 122.316,00 денари. Обврските за даноци се

подмируваат на почетокот на наредниот месец, во рок, како и обврските кон добавувачи.

За вториот квартал од 2023 година со разликата помеѓу вкупниот приход кој изнесува 52.461.822,00 денари и вкупниот расход во износ 18.985.902,00 денари ЈП оствари добивка во износ од 33.475.920,00 денари.

## FITIMI-HUMBJA

Me diferencën ndërmjet të hyrave totale dhe shpenzimeve totale për periudhën tremujore të vitit 2023, NP në punën e saj arriti rezultat pozitiv financiar prej 33.475.920,00 denarësh.

Kërkesa e përgjithshme deri në fund të periudhës së përcaktuar të vitit 2023 është 162.868.983,50 denarë, këto janë të kërkesat e blerësve në bazë të shitjes së ujit dhe janë 162.868.985,50 denarë dhe janë rritur për 42,39% në krahasim me periudhën e njëjtë të vitit 2022.

Totali i obligimeve të pashlyera deri në fund të periudhës së theksuar është 1.564.251,00 denarë, përkatësisht: Obligimet në bazë të tatimit personal 19.107,00 denarë, obligimet për tatimin mbi vlerën e shtuar 1.422.828,00 denarë dhe obligimet për kompensim për bordin drejtues dhe këshillin drejtues122.316,00 denarë. Detyrimet tatimore shlyhen në fillim të muajit pasardhës, brenda afatit, si dhe detyrimet ndaj furnizuesve.

Për tremujorin e dytë të vitit 2023, me diferencën në mes të të hyrave të përgjithshme prej 52.461.822,00 denarë dhe shpenzimeve totale prej 18.985.902,00 denarë, NP ka realizuar fitim në vlerë prej 33.475.920,00 denarësh.

Со почит,/Me respekt,

**Кичево,/Kërçovë**
**28.07.2023 godina**

**ВД Директор,/UD Drejtori**
**m-r Ardita Dani**

Изготвил:/Përgatiti: Faik Ahmedi
Проверил: /Kontrolloi:Катерина Станкоска
Одобрил: /Miratoi:Александар Петрески дипл. ек

**ТРОМЕСЕЧЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО 01.04.2023 - 30.06.2023**

| Р. бр | ОПИС | План 2023 | Остварено 2022 | Остварено 2023 | Структурна анализа 2022 | Споредбена анализа (остварено 2023/ план 2023) | Споредбена анализа (остварено 2023/остварено 2022) | Образложение/ Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***1*** | ***ВКУПНИ ПРИХОДИ*** | ***20,097,749.00*** | ***19,685,064.00*** | ***52,461,822.00*** | **100.00** | **261.03** | **266.51** | |
| **1.1** | Приходи од продажба на пр.стоки, усл.на домаш.пазар | **18,809,618.00** | **19,378,309.00** | **18,886,795.00** | **36.00** | **100.41** | **97.46** | |
| 1.1.1 | Приходи од продажба на вода на корисници | 15,487,732.00 | 14,855,050.00 | 14,301,532.00 | **27.26** | **92.34** | **96.27** | |
| 1.1.1.1 | ЈКП Корисници | 9,653,831.00 | 9,525,967.00 | 9,498,752.00 | 18.11 | 98.39 | 99.71 | |
| 1.1.1.2 | РЕК Осломеј | 5,833,901.00 | 5,329,083.00 | 4,802,780.00 | 9.15 | 82.33 | 90.12 | |
| 1.1.2 | Продажба на струја од МХЕ Добреноец | 3,321,886.00 | 4,523,259.00 | 4,585,263.00 | 24.28 | 138.03 | 101.37 | |
| **1.2** | Приходи по основ.на камати,курс.раз.неповр.субјекти | **523,563.00** | **230,883.00** | **435,798.00** | **0.83** | **83.24** | **188.75** | |
| **1.3** | Останати приходи од работењето,од вработени напл.казн | **0.00** | **33,041.00** | **121,410.00** | **0.23** | **/** | **367.45** | |
| **1.4** | Приходи останати од работењето- тендерски документац | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **#ДИВ/0!** | |
| **1.5** | Приходи од нап. на отпишани побарувања Спогодби | **764,568.00** | **42,831.00** | **33,017,819.00** | **62.94** | **4,318.49** | **77,088.60** | |
| ***2*** | ***ВКУПНИ РАСХОДИ*** | ***19,582,932.25*** | ***16,708,380.00*** | ***18,985,902.00*** | **100.00** | **96.95** | **113.63** | |
| **2.1** | Потрошени суровини и материјали | **250,040.00** | 45,004.00 | 7,873.00 | 0.04 | 3.15 | 17.49 | |
| **2.2** | Трошоци за материјали (админ.управа и прод.) | **70,120.00** | 12,384.00 | 18,791.00 | 0.10 | 26.80 | 151.74 | |
| **2.3** | Потрошена енергија | **921,960.00** | 730,220.00 | 326,420.00 | 1.72 | 35.41 | 44.70 | |
| **2.3.1** | Потрошена енергија за МХЕ Добреноец | **65,235.00** | 15,070.00 | 7,876.00 | 0.04 | 12.07 | 52.26 | |
| **2.4** | Потрошени резервни делови | **73,920.00** | 32,039.00 | 28,284.00 | 0.15 | 38.26 | 88.28 | |
| **2.5** | Отпис на ситен инвентар | **129,200.00** | 85,309.00 | 64,859.00 | 0.34 | 50.20 | 76.03 | |
| **2.6** | Транспортни услуги | **0.00** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | #ДИВ/0! | |
| **2.7** | Поштенски, телефонски услуги и интернет | **269,280.00** | 120,821.00 | 126,048.00 | 0.66 | 46.81 | 104.33 | |
| **2.8** | Услуги за одржување и заштита | **210,120.00** | 36,389.00 | 9,387.00 | 0.05 | 4.47 | 25.80 | |
| **2.8.1** | Услуги за одржување и заштита на МХЕ Добреноец | **360,000.00** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | |
| **2.8.2** | Наем-лизинг | **75,000.00** | 82,936.00 | 71,019.00 | 0.37 | 94.69 | | |
| **2.9** | Комунални услуги | **12,500.00** | 2,300.00 | 4,389.00 | 0.02 | 35.11 | 190.83 | |
| **2.10** | Трошоци за реклама,пропаганда,промоција | **0.00** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | | #ДИВ/0! | |
| **2.10** | Останати услуги | **295,020.00** | 115,749.00 | 72,112.00 | 0.38 | 24.44 | 62.30 | |
| **2.10.1** | Останати услуги , преглед технички на МХЕ Добреноец | **0.00** | 0.00 | 34,000.00 | 0.18 | #ДИВ/0! | / | |
| **2.11** | Вкалкулирани плати | **10,000,000.00** | 9,327,597.00 | 9,867,972.00 | 51.98 | 98.68 | 105.79 | |
| **2.12** | Амортизација по минимални стапки | **5,099,132.00** | 4,671,833.00 | 4,387,329.00 | 23.11 | 86.04 | 93.91 | |
| **2.12.1** | Амортизација по минимални стапки на МХЕ Добреноец | **293,940.25** | 293,940.00 | 293,940.00 | 1.55 | 100.00 | 100.00 | |
| **2.13** | Расходи од отпис на побарувања | **0.00** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | / | |
| **2.14** | Надом.за трош.на враб.подароци и помош | **99,840.00** | 79,531.00 | 2,599,198.00 | 13.69 | 2,603.36 | 3,268.16 | |
| **2.15** | Дневници за службени патувања и патни трошоци | **50,000.00** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | #ДИВ/0! | |
| **2.16** | Трошоци за над.и др. примања на член.на управ.и надз.од. | **500,000.00** | 477,919.00 | 409,049.00 | 2.15 | 81.81 | 85.59 | |
| **2.17** | Трошоци за репрезентација | **75,000.00** | 51,410.00 | 203,557.00 | 1.07 | 271.41 | 395.95 | |
| **2.18** | Премии за осигурување | **54,490.00** | 28,662.00 | 22,209.00 | 0.12 | 40.76 | 77.49 | |
| **2.18.1** | Премии за осигурување на МХЕ Добреноец објекти и опр | **400,000.00** | 400,171.00 | 164,555.00 | 0.87 | 41.14 | 41.12 | |

Јавно претпријатие за водоснабдување Студенчица Кичево / Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë Studençica Kërçovë

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.19 | Банкарски услуги и трош.на платен промет | **34,785.00** | 25,174.00 | 31,604.00 | 0.17 | 90.86 | 125.54 | |
| 2.20 | Расходи од отпис на побарувања | **0.00** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | #ДИВ/0! | #ДИВ/0! | |
| 2.21 | Даноци кои не зависат од резултатот, Членарини и др.тр. | **115,800.00** | 23,401.00 | 49,335.00 | 0.26 | 42.60 | 210.82 | |
| 2.22 | Останати трошоци од работењето | **15,050.00** | 4,393.00 | 149,077.00 | 0.79 | 990.54 | 3,393.51 | |
| 2.22.1 | Трошоци за надоместок за користење вода од МХЕ Добр | **12,500.00** | 5,584.00 | 5,011.00 | 0.03 | 40.09 | 89.74 | |
| 2.22.2 | Надом.од 0.049%МХЕ од приходот кон РКЕ | **100,000.00** | 38,048.00 | 30,000.00 | 0.16 | 30.00 | 78.85 | |
| 2.23 | Останати расходи од работењето | **0.00** | 2,431.00 | 2,008.00 | 0.01 | / | 82.60 | |
| 2.24 | Затезни камати | **0.00** | 65.00 | 0.00 | 0.00 | / | 0.00 | |
| 2.25 | Курсни разлики-дневници службен пат | **0.00** | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | #ДИВ/0! | |
| ***3*** | ***ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*** | ***514,816.75*** | ***2,976,684.00*** | ***33,475,920.00*** | | | | |

| Р. бр | ОПИС | План 2023 | Остварено 2022 | Остварено 2023 | Структурна анализа 2023 | Споредбена анализа (остварено 2023/план 2023) | Споредбена анализа ( остварено 2023/остварено 2022) | Образложение/ Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***4*** | ***ВКУПНИ НЕНАПЛАТЕНИ ПОБАРУВАЊА*** | 0 | ***184,486,455.50*** | ***162,868,983.50*** | 100.00 | / | **88.28** | |
| 4.1 | Купувачи во земјата | 0 | 114,382,456.50 | 162,868,983.50 | 100.00 | / | 142.39 | |
| 4.2 | Останати побарувања од работењето | 0 | 1,680.00 | 0.00 | 0.00 | / | 0.00 | |
| 4.3 | Побарувања од дадени кредити,Депозити | 0 | 70,000,000.00 | 0.00 | 0.00 | / | 0.00 | |
| 4.4 | Побарувања од повеќе платен ДДВ | 0 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | #ДИВ/0! | |
| 4.5 | Побарување од повеќе платен данок на добивка | 0 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | / | |
| 4.6 | Побарувања од вработени | 0 | 102,319.00 | 0.00 | 0.00 | / | 0.00 | |
| ***5*** | ***ВКУПНИ НЕНАПЛАТЕНИ ОБВРСКИ*** | 0 | ***1,309,917.54*** | ***1,564,251.00*** | 100.00 | / | **119.42** | |
| 5.1 | Обврски спрема добавувачи | 0 | 739,843.54 | 0.00 | 0.00 | / | 0.00 | |
| 5.2 | Обврски за данок на додадена вредност | 0 | 406,107.00 | 1,422,828.00 | 90.96 | / | 350.36 | |
| 5.3 | Обврски по осн. на персонален данок | 0 | 15,925.00 | 19,107.00 | 1.22 | / | 119.98 | |
| 5.4 | Обврски за данок од добивка | 0 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | / | |
| 5.5 | Обврски за нето плати | 0 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | / | |
| 5.6 | Останати обврски спрема вработени | | 0.00 | 0.00 | 0.00 | | #ДИВ/0! | |
| 5.6 | Обврски за даноци и придонеси од плати | 0 | 5,038.00 | 0.00 | 0.00 | / | 0.00 | |
| 5.7 | Обврски останати краткорочни-од плати,УО и др. | 0 | 143,004.00 | 122,316.00 | 7.82 | / | 85.53 | |
| ***6*** | ***СОСТОЈБА НА ЖИРО СМЕТКА*** | 0 | ***17,908,539.00*** | ***17,992,626.00*** | 100.00 | / | **100.47** | |
| 6.1 | жиро сметка | 0 | 17,908,539.00 | 17,992,626.00 | 100.00 | / | 100.47 | |
| 6.2 | | 0 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | / | |
| ***7*** | ***ВКУПЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ*** | 0 | ***63.00*** | ***60.66*** | 100.00 | / | 96.29 | |
| 7.1 | Број на лица вработени на неопределено време | 0 | 63.00 | 60.66 | 100.00 | / | 96.29 | |
| 7.2 | Број на лица вработени на определено време | 0 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | / | |
| 7.3 | Број на привремено вработени лица -Агенција | 0 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | / | #ДИВ/0! | |
| ***8*** | ***ИЗНОС НА ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА БРУТО П*** | 0 | ***49,352.37*** | ***54,225.59*** | 100.00 | / | **109.87** | |
| 8.1 | | 0 | 49,352.37 | 54,225.59 | 100.00 | / | 109.87 | |

Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë
Studençica
Бр./Nr. 02-1154/1-2/2
03.08 20 23 год./vit.
Кичево - Kërçove

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16,64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 89/22 и 274/22), Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица" Кичево, по разгледување и увид во сметководствената документација за материјално финансиското работење на ЈП во втор квартал на 2023 година, на седницата одржана на 03.08.2023 година, усвои

# И З В Е Ш Т А Ј

## за материјално финансиско работење на ЈП „Студенчица" Кичево
## за втор квартал во 2023 година

1.Во вториот квартал (01.04.-30.06.) на деловната 2023 година, искажаните финансиски показатели се резултат на настанатите деловни промени во работењето на ЈП во овој квартал на годината, утврдени во финансиските извештаи, со увидот во истите и Извештај бр.01-1134/1од 28.07.2023 година на ВД Директорот на јавното претпријатие и табеларен преглед на вкупни приходи и рекапитулар на трошоци.

2.Извештајот бр.01-1134/1 од 28.07.2023 година на ВД Директорот на ЈП, за финансиското работење на ЈП за втор квартал (01.04.-30.06.) во деловната 2023 година, со табеларен преглед на вкупни приходи и рекапитулар на трошоци, со рекапитулар, за втор квартал на 2023 година, објективно и реално ја искажува материјално финансиската состојба и работење на ЈП.

3.Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење утврди дека во јавното претпријатие книговодствена евиденција се води компјутерски, ажурно и согласно позитивните прописи и усвоените сметководствени политики.

4.Во вториот квартал (01.04.-30.06) 2023 година остварен е:
Вкупно приход -------------------------------------- 52.461.822,00 денари
Вкупно расход ---------------------------------------- 18.985.902,00 денари
Вишок на средства остварени во работењето 33.475.920,00 денари.

5.Вкупните остварените приходи во втор квартал за 2023 година изнесува 52.461.822,00 денари и во однос на планираните ( 20.097.749,00 денари) во Финансискиот план, се реализирани со 261,03% %.

Во вториот квартал од деловната 2023 година се реализирани следните приходи :

•Приходи од продажба на вода во износ од 14.301.532,00 денари кои во однос на вкупно планираните за втор квартал (15.487.732,00) се реализирани со 92,34%.

•Приходи од продажба на електрична енергија произведена од МХЕ Добреноец во износ од 4.585.263,00 денари и истите во однос на вкупно планираните за соодветниот период (3.321.886,00) се реализирани со 138,03%.

•Приходи по основ на камати од орочени средства на краток рок се реализирани во износ од 435.798,00 денари, кои во однос на вкупно планираните за вториот квартал (523.563,00) се реализирани со 83,24%.

•Приходи од поранешни години (наплатени отпишани побарувања) се реализирани во износ од 33.017.819,00 денари и истите во однос на планираните за содветниот период (764.568,00) се реализирани со 4318,49%.

6.Во вториот квартал од деловната 2023 година, вкупните расходи изнесуваат 18.985.902,00 денари и во однос на планираните ( 19.582.932,25 денари) истите се реализирани со 96,95%%.

Реализирани трошоци по поединечни ставки во наведениот квартал кои се под реализација од 100% се следните: Потрошени суровини и материјали со реализација од 3,15%, Трошоци за материјали (админ,управа и прод.) со 26,80%, Потрошена енергија со 35,41%, Потрошена енергија за МХЕ Добреноец со 12,07%, Потрошени резервни делови со 38,26%, Отпис на ситен инвентар со 50,20%, Поштенски, телефонски услуги и интернет со 46,81%, Услуги за одржување и заштита со 4,47%, Наем – лизинг со 94,69%, Комунални услуги со 35,11%, Вкалкулирани плати со 98,68%,Останати услуги со 24,44%, Амортизација по минимални стапки со 86,04%, Трошоци за надомест и други примања на членови на УО и НО со 81,81%, Премии за осигурување со 40,76% , Премии за осигурување на МХЕ Добреноец објекти и опрема со 41,14%, Банкарски услуги и трошоци на платен промет со 90,86%, Даноци кои не зависат од резултатот, Членарини и други давачки со 42,60%, и Трошоци за надоместок за користење на вода со 40,09% и Надоместоци од 0,049% МХЕ од приход кон РКЕ со 30,00%.

Отстапувањата во однос на идеално планираната граница за реализација на одредени трошоци и нивно зголемување е регистрирано кај следните расходни позиции по ставки како што се: Трошоци за репрезентација со 271,41%, Надоместок за трошоци на вработени , подароци и помош со 2603,36%, и Останати трошоци од работењето со 990,54%, Ова отстапувања е последица на еднократни издатоци кои настануваат во овој период, а се планираат на годишно ниво.

7.Вкупните побарувања заклучно со крајот на наведениот период за 2023 година, изнесуваат 162.868.983,50 денари, од кои поголем дел се побарувања од купувачи по основ продажба на вода и изнесуваат 162.868.985,50 денари и се зголемени за 42,39% во однос на истиот период 2022 година.

8.Вкупните неизмирени обврски заклучно со крајот на наведенот период изнесуваат 1.564.251,00 денари и тоа: Обврски по основ на персонален данок со 19.107,00 денари, Обврски за данок на додадена вредност со 1.422,828,00 денари, и Обврски за надоместок за УО и НО со 122.316,00 денари. Обврските за даноци се подмируваат на почетокот на наредниот месец, во рок како и обврските кон добавувачи.

9.Основна карактеристика за втор квартал на деловната 2023 година е тоа што остварен позитивен финансиски резултат во работењето во износ 33.475.920,00 *денари.*

10.Надзорниот одбор констатира дека јавното претпријатие во овој квартал, навремено ги сервисира тековните обврски кон државата и добавувачите и

успешно се справува со извршување на своите обврски кои произлегуваат од дејноста која ја врши.

11.Овој Извештај да се достави до Управниот одбор на ЈП и Владата на Република Северна Македонија.

Врз основа на претходно наведеното Надзорниот одбор за материјално-финансиското работење на ЈП „Студенчица„ Кичево, едногласно го дава следното:

**М И С Л Е Њ Е**

1. Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево за втор квартал од 2023 година бр.01-1134/1 од 28.07.2023 година и по истиот ДАВА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.

Доставено до:
-Влада на РМ
-Управен одбор на ЈП
-Директор на ЈП
-архива

03.08.2023година
Кичево

Претседател на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиско работење на ЈП „Студенчица" Кичево

Lirim Fejza

Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë
Studençica
Бр./Nr. 02-1155/1-2/1
03.08 20 23 год./vit.
Кичево - Kërçovë

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" број 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19 , 89/22 и 274/22), Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица"Кичево, по разгледување и увид во сметководствената документација за материјално финансиското работење на ЈП **во втор квартал на 2023** година, на седницата одржана на 03.08.2023 година, го дава следното

**М И С Л Е Њ Е**

1.Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево за **втор квартал на 2023** година бр.01-1134/1 од 28.07.2023 година и по истиот ДАВА ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.

2.Ова Мислење да се достави до Управниот одбор на ЈП и Владата на Република Северна Македонија.

03.08.2023 година
**Кичево**

**Претседател на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиско работење на ЈП „Студенчица" Кичево**

**Lirim Fejza**

Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë
Studençica
Бр./Nr. 02-1156/1-1
03-08 2023 год./vit.
Кичево - Kërçovë

Врз основа на член 5 став 3 и член 19 став 4 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" број 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19 , 89/22 и 274/22), и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево, разгледувајќи ја Информацијата за финансиско работење на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево за вториот квартал во 2023 година (01.04.-30.06.2023 година), број 01-1134/1 од 28.07.2023 година, Управниот одбор на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево на седницата одржана на 03.08.2023 година, донесе:

## О Д Л У К А

**Член 1**

Се усвојува Извештај за финансиско работење на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево за вториот квартал во 2023 година (01.04.-30.06.2023 година), број: 01-1134/1 од 28.07.2023 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Извештајот за финансиско работење на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево за вториот квартал во 2023 година (01.04.-30.06.2023 година), број: 01-1134/1 од 28.07.2023 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Претседател на Управниот одбор**
**на ЈП„Студенчица" Кичево**
**Јана Костадиноска**